**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**
**ВИНЕР - ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП СКОПЈЕ**

# ОПШТИ УСЛОВИ

## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ

(пречистен текст)

март 2019 година

## I. ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

1. **Осигурувач** - Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје со кое е склучен договор за осигурување.
2. **Договорувач на осигурување** - лице кое со Осигурувачот склучило договор за осигурување и кое има обврска да ја плати премијата.
3. **Осигуреник** - лице чиј посев, односно плод е осигурен и на кое му припаѓаат правата од осигурувањето, освен доколку поинаку не е одредено.
4. **Премија** - износ кој се плаќа по договорот за осигурување.
5. **Сума на осигурување** - сума на која посевот или плодот е осигурен, доколку од содржината на договорот за осигурување не произлегува нешто друго.
6. **Полиса** - документ за договор за осигурување.
7. **Понуда –** документ во кој се содржани сите податоци за осигурувањето, кој Осигурувачот го доставува до Договорувачот / Осигуреникот пред склучување на Договорот за осигурување.
8. **Период на покритие** – период во кој договорот произведува правно дејство, односно период во кој доколку настане осигурен случај, Осигурувачот има обврска да исплати надомест. Надвор од периодот на покритие, Осигурувачот нема обврска за исплаќање на надомест за штета.
9. **Прашалник** – образец кој го пополнува Договорувачот и кој ги содржи сите битни елементи за давање на понуда и изработка на полиса од страна на Осигурувачот.
10. **УХМР** – Управа за хидрометеоролошки работи.

## II. ОПШТИ ОДРЕДБИ

## ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

### Член 1

(1) Настанот за кој се склучува осигурување (осигурен случај) мора да биде иден, неизвесен и независен од исклучивата волја на Договорувачот / Осигуреникот или на кое било трето лице кое има или би можело да има материјална корист од осигурувањето и на кој настан не му претходеле други настани кои придонеле да има последици по осигурените посеви и плодови пред започнување на обврската на Осигурувачот.
(2) Се смета дека настапил осигурен случај во оној момент кога една од осигурените опасности почнала да предизвикува штети на осигурените посеви и плодови, но само во рамки на периодот на покритие согласно овие услови и полисата и само доколку пред почеток на покритието на полисата, не била предизвикана штета од осигурените опасности.
(3) Доколку се утврди дека пред почеток на покритието на полисата била предизвикана штета од осигурените опасности врз осигурените посеви и плодови, договорот за осигурување е ништовен. Осигурувачот има право да го поништи договорот за осигурување, а со тоа се смета дека Осигурувачот нема обврска за исплата на штета по истиот.

## КОГА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ Е СКЛУЧЕН

### Член 2

(1) Договорот за осигурување е склучен кога Договорувачот и Осигурувачот ќе ја потпишат полисата за осигурување.
(2) Забранета е усмената понуда, а во случај истата да е дадена од претставник на Осигурувачот за склучување на договор за осигурување, истата не го обврзува Осигурувачот за издавање на полиса по усно понудените услови и премија.

(3) Понуда се издава исклучиво врз основа на податоци од пополнет прашалник од страна на лицето кои има интерес да склучи договор за осигурување, а со потпишувањето на истата од страна на лицето кое има интерес за склучување на осигурувањето, истото потврдува дека сите податоци внесени во понудата се точни, дека е запознаено со содржината на понудата и условите по кои е направена, осигурените ризици и премија која треба да ја плати доколку дојде до склучување на Договорот за осигурување.

(4) Прашалникот од претходниот став мора да ги содржи сите потребни податоци за издавање на понуда за осигурување, податоците во истиот лицето кое има интерес за склучување на осигурувањето ги пополнува под полна кривична и материјална одговорност, а со својот потпис потврдува дека направил проверка на содржината и податоците и е потполно согласен со истите.

(5) Доколку се утврди дека податоците во прашалникот се невистинити или грешни, понудата дадена од страна на осигурувачот се смета за неважечка, а доколку била издадена полиса Осигурувачот го задржува правото да го раскине договорот за осигурување и да не надомести штета врз основа на полиса која била издадена по понуда изготвена врз основа на прашалникот.

(6) Писмената понуда дадена од Осигурувачот за склучување на договор за осигурување го обврзува лицето кое има интерес за склучување на осигурувањето, за потпишување на конечен договор за осигурување – полиса за време од 3 дена од денот кога понудата е издадена од Осигурувачот. Осигурувачот го задржува правото да не издаде полиса по издадена понуда.

(7) Ако лицето кое има интерес за склучување на осигурувањето во рокот од 3 дена одреден со претходниот став не достави писмена изјава дека се откажува од Договорот за осигурување согласно условите дадени во Понудата, се смета дека ја прифатил понудата и дека врз основа на истата ќе биде издадена полиса, освен доколку Осигурувачот не одлучи дека нема да биде издадена.

(8) Ако лицето кое има интерес за склучување на осигурувањето во врска со примената понуда побара некакво дополнување или измени, како ден за прием на понудата се смета денот кога на лицето кое има интерес за склучување на осигурувањето ќе му бидат предадени бараните дополнувања или измени во нова понуда со нов број на понуда, која се врзува на претходната. За валидна понуда се смета последната официјално издадена од страна на Осигурувачот.

(9) Ако Осигурувачот по барање од претходниот став не го извести лицето кое има интерес за склучување на осигурувањето ниту во рок од 3 дена му ги достави бараните измени и дополненија се смета дека не ги прифатил условите за осигурување, и дека отстапил од склучување на договорот за осигурување.

(10) Во случај на пресметковни и други грешки од страна на Осигурувачот при изготвување на понудата, Осигурувачот го задржува правото за измена на понудата согласно важечките услови и Тарифи на Осигурувачот.

(11) Доколку во периодот од давање на понуда до издавање на полисата настанат промени кои би влијаеле на презелениот ризик, како и за сите останати променети околности од значење за предметот на осигурување, лицето кое има интерес за склучување на осигурувањето е должно истото да го пријави на Осигурувачот во писмена форма. Доколку истото не е пријавено, ќе се смета дека податоците во прашалникот се невистинити или грешни, со што Осигурувачот има право на промена на понудата, да не издаде полиса за осигурување или доколку полисата веќе била издадена да бара нејзино прекинување, како и да не исплати надомест за штета по истата.

(12) Пред издавање на полиса задолжително е да се направи извид на посевите и плодовите кои треба да се осигураат. Извидот го прави претставникот на Осигурувачот, освен кога извидот е направен од проценител овластен од страна на Осигурувачот.

## ПОЛИСА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
### Член 3

(1) Во полисата мора да бидат наведени: договорените страни при што Договорувачот и Осигуреникот се со задолжителни податоци за име и презиме/назив на правно лице, матичниот број и адресата/седиште, вид на осигурен посев и тип на насад, точна локација на парцелата согласно ознаките на катастарската парцела (поседовниот лист), ризикот опфатен со осигурување, траење на осигурувањето и периодот на покритие (почетен и краен датум), сумата на осигурување, премијата за осигурување, начин на плаќање на премијата, место и датум на издавање на полисата и потписи на договорените страни, број на понудата за која се врзува договорот за осигурување.

Во случај на настанување на штета, доколку полисата не ги содржи сите горенаведени елементи, за истата Осигурувачот нема обврска за исплата на надомест на штета.

(2) Осигурувачот е должен Општите и доколку договорот за осигурување е склучен и по Посебни услови за осигурување, условите по кои е склучено осигурувањето како составен дел на договорот за осигурување (полисата) да му ги предаде на Договорувачот, ако тие услови не се печатени на самата полиса.

(3) Извршувањето на обврските од претходниот став мора да биде констатирано на полисата.

(4) Во случај на несогласување на некои одредби од Општите и/или Посебните услови и некои одредби од полисата се применуваат одредбите од полисата.

## ТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
### Член 4

Договорот за осигурување се склучува со одреден рок на траење, односно за време од една година.

Договорот за осигурување склучен со одреден рок на траење, е со точно утврден период на покритие.

Периодот на покритие завршува на 31 Октомври во 24:00 часот во календарската година во која полисата е издадена, освен доколку во полисата не е утврдено пократко покритие, согласно член 5 став 4 од овие Услови.

## ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ
### Член 5

(1) Обврската на Осигурувачот да исплати надомест од осигурување почнува по 24:00 часот од денот кој во полисата за осигурување е означен како почеток на осигурување, ако до тој ден е платена премија, инаку по 24:00 часот од денот кога е платена премија за осигурување, доколку не се договори поинаку и доколку се исполнети условите од став (2) и (3) од овој член.

(2) Ако е договорено плаќање на премијата во одредени рокови или плаќање на премијата со вирман, обврската на Осигурувачот за исплата на надоместокот од осигурување почнува по 24:00 часот од денот кој во полисата за осигурување е означен како почеток на траење на осигурувањето, доколку се исполнети условите од став (3) на овој член.

(3) Покрај исполнетите услови од став (1) и (2) од овој член, почетокот на обврската на Осигурувачот за надоместок од осигурување се одредува за одделни посеви и плодови според фазата на развој и тоа:

1. Кај лозјата, малините и хмелот по излегувањето на ластарот од пупката, односно по отварање на пупките најмалку 20%, со видливи зелени ливчиња.
2. Кај овошјето - кога ќе се исушат, односно опаднат венечните ливчиња на 50% цветови од иста сорта.

3. Кај овошниот, лозовиот и шумскиот посадочен материјал, украсното шибје и младите шумски култури - од почетокот на вегетацијата, односно од моментот на никнување.
4. Кај градинарските култури, тутунот и цвеќињата - од денот на расадувањето, а ако тие се произведуваат со сеење на постојано место од моментот на никнувањето.
5. Кај житариците и останатите посеви кои не се наведени во точките 1) до 4) од овој став - од моментот на никнување.
6. кај класираните и калемени лози, додека истите не сраснат со основата, а калемот да почне да пупи.

(4) Обврската на Осигурувачот за надоместок од осигурување за одделни посеви и плодови престанува:

1. Кај житариците, маслените билки, конопот, ленот, добиточните билки и посевите оставени за семе - кога ќе бидат окосени, ожнеани, или на друг начин обрани.
2. Кај коренестите и кртолестите билки - кога коренот или кртолата ќе се извадат од земјата.
3. Кај овошјето, грозјето, хмелот и градинарските билки - плодот, односно родот да биде обран.
4. Кај овошниот, лозовиот и шумскиот посадочен материјал, како и кај младите шумски култури, украсните жбунови и врбите за плетарство - по извршеното вадење или режење.
5. За насад од вишни обврската на осигурувачот за надомест на штета од ризикот град престанува на 31.07 во 24:00 часот во календарската година во која полисата е издадена.
6. Во секој случај и за сите видови посеви и плодови обврската на осигурувачот за надомест на штета престанува најдоцна до 31 октомври во 24:00 часот во календарската година во која полисата е издадена.

## ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

## Член 6

(1) Договорувачот на осигурувањето е должен да ја плати премијата за осигурување во целост, но Осигурувачот е должен да ја прими уплатата на премијата од секое лице кое има правен интерес таа да биде платена.

(2) Премијата се плаќа во договорените рокови, а ако треба да се плати еднократно, наеднаш, се плаќа при склучување на договорот за осигурување доколку Договорувачот е физичко лице и во рок на доспеаност на издадена фактура доколку Договорувачот е правно лице.

(3) Премијата Договорувачот може да ја плати на Осигурувачот непосредно, на неговиот претставник, во Подружницата, во пошта или банка, за што мора да поседува соодветен доказ – фискална сметка или вирман за извршената уплата.

(4) Во моментот на настанување на штетен настан, премијата доспева во целост без разлика дали при издавање на полисата било договорено плаќање веднаш, одложено плаќање или плаќање на рати или доколу се работи за полиса која е основ за побарување на субвенција. Доколку премијата не е платена во целост, надоместот за штета ќе биде исплатен по подмирување на целокупниот износ на премија по полисата.

(5) Доколку износот на субвенција наведен во полисата биде целосно одбиен од страна на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој или Агенцијата плати само дел од износот на субвенција наведен во полисата, должната премија по полисата паѓа на товар на Договорувачот согласно став 1 од овој член.

(6) Осигурувачот го задржува правото за наплата на должната премија преку сите расположливи законски средства за наплата, а во случај на неплаќање на премијата во утврдениот рок може да пресмета и наплати и законска казнена камата.

(7) Доколку во полисата се вклучени дополнителни ризици, Договорувачот е должен вкупната премија на полисата да ја плати еднократно, освен ако во полисата не е поинаку наведено.

(8) Доколку поради неплаќање на премијата, Осигурувачот го раскине договорот за осигурување, Договорувачот / Осигуреникот е должен да го исплати оној дел од премијата кој му следува на Осигурувачот од почеток на траењето на осигурувањето, до моментот на прекин на осигурувањето, зголемен за износот на режиските трошоци.

## СПРЕЧУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИОТ СЛУЧАЈ СПАСУВАЊЕ

## Член 7

(1) Осигуреникот е должен да ги преземе пропишаните договорени и сите останати мерки потребни да се спречи настанувањето на осигурениот случај, а ако осигурениот случај, настапи, должен е да преземе се' што е во негова моќ да се ограничат неговите штетни последици.

(2) Ако Осигуреникот не ја исполни својата обврска за спречување на осигурениот случај или обврската за спасување, а за тоа нема оправдување, Осигурувачот нема обврска за надомест за штета.

(3) Кај покритие од ризикот пролетен мраз Осигуреникот е должен доколку постои најава за ниски температури под 0 целзиусови степени, во периодот на осигурителното покритие или има температури под 0 целзиусови степени повеќе од еден ден, да изврши заштитно прскање на осигурените посеви и плодови со средство против измрзнување на насадот за што треба да поседува соодветени докази и белешки. Во спротивно надоместот за штета се намалува за 50%.

(4) Осигурувачот има право да врши контрола за извршувањето на одредбите за заштитните мерки од овој член.

(5) Ако со Осигуреникот е договорен, или му е одреден рок до кога мора да се спроведат мерките за спречување на остварувањето или зголемувањето на опасностите, надоместокот на Осигуреникот му се исплатува и тогаш кога осигурениот случај настанал до истекот на договорениот рок, и ако штетата е во причинска врска со договорените пропишани, односно одредени заштитни мерки.

## НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

## Член 8

(1) Сите известувања и пријави кои договорените странки се должни да ги направат во смисла на одредбите од овие Услови, мора да се потврдат писмено ако се направени усно, по телефон или на некој друг начин.

(2) Како ден на известување, односно пријавување се смета денот кога е примено известување, односно пријавата, односно кога Осигурувачот истите ќе ги прими и завери во архивската книга.

Ако известувањето односно пријавата е пратена по пошта препорачано, како ден на прием се смета денот на прием од страна на другата договорна страна.

(3) Содржината на договорот и сите подоцнежни измени на истиот се полноважни само ако се склучени во писмена форма.

## ПРОМЕНА НА АДРЕСАТА - НАЗИВОТ (ФИРМАТА)

## Член 9

(1) Осигуреникот, односно Договорувачот на осигурувањето е должен за промените (измена) на адресата на станот, односно промена на името на фирмата и седиштето (работни простории) да го извести Осигурувачот во рок од најмногу 15 дена од денот на настанатите промени.

(2) Доколку Договорувачот / Осигуреникот не го извести Осигурувачот за промените од претходниот став, за полноважноста на известувањата што ги испраќа Осигурувачот доволно е ако тој ги упати на Договорувачот / Осигуреникот со препорачано писмо според последните податоци за адресата на станот, работните простории, односно името на фирмата со која располага. Известувањето во случај

на промена на податоците од овој став кои не се соодветно пријавени кај Осигурувачот, станува полноважно на денот кога известувањето е пратено по пошта препорачано.

**ОСОБЕНИ ОСНОВИ ЗА ГУБЕЊЕ НА ПРАВОТО НА НАДОМЕСТОК**
**Член 10**

(1) Осигурувачот не е во обврска да го исплати договорениот надоместок ако штетата е предизвикана намерно или со измама од страна на Договорувачот на осигурувањето, Осигуреникот, корисникот на осигурувањето или кое било друго лице кое би имало било каква корист од осигурувањето, Осигурувачот не е во обврска да го исплати договорениот надоместок доколку релевантна институција докаже дека имало оштетување пред штетниот настан кое не било пријавено, или настан кој е во спротивност со член 1 став (1) од општите одредби за осигурување наведени во овие услови.
(2) Осигурувачот не е во обврска да го исплати договорениот надомест ако осигурувањето било склучено врз основа на невистинити или грешни податоци од прашалникот.
(3) Осигурувачот не е во обврска да го исплати договорениот надомест ако Осигуреникот не пријавил факти и информации кои се од особено значење и можат да влијаат при настанување на штета.

**ПРАВНА СИТУАЦИЈА ПО НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ**
**Член 11**

(1) Оштетените посеви, односно плодови остануваат на Осигуреникот.
(2) По настанување на осигурен случај преостанатите посеви или плодови, односно повторно насеаните (насадени) посеви и плодови, осигурени се на разликата помеѓу првобитната сума на осигурување и исплатениот надоместок.

## III. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ
**ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 12**

(1) Предмет на осигурување согласно овие услови се посевите и плодовите, од ризиците утврдени во рамки на овие услови.
Осигурени се посеви, плодови, ливадски треви, лековити билки, украсни билки и овоштарници и лозја, млади овоштарници и лозја пред стапување во род, овошен, лозов и шумски посадочен материјал, млади шумски култури до наполнети 6 години, врби за плетарство и трски.
(2) Осигурено е кај посевите и плодовите наведени во полисата:
1. Кај житариците, маслодајните билки и останатите култури оставени за семе зрната (семе), кај житариците може да се осигури и стеблото (слама и пченковината), а кај сиракот метлицата, доколку тоа посебно се договори и наведе во полисата.
2. Кај коренестите и кртолестите билки - коренот и кртолата.
3. Кај градинарските, лековити и украсни билки според целта на одгледување.
4. Кај конопот - стеблото, а ако се произведува за семе само семето, кај конопот за семе со осигурувањето може да се опфати и стеблото доколку тоа посебно се договори и наведе во полисата.
5. Кај ленот - стеблото и семето.
6. Кај хмелот - плодот.
7. Кај памукот - плодот (чаурата).
8. Кај афионот - семето и чаурата.

9. Кај тутунот - листот, ако се произведува за семе тогаш и семето доколку тоа посебно се договори и наведе во полисата.
10. Кај крмните растенија и ливадските треви - крмната маса, а кога се произведува за семе само семето.
11. Кај расадот – билките (садниците).
12. Кај овошјето и лозјето само плодот, односно родот, а ако посебно се договори наведе во полисата може да се осигури и стеблото, односно пенушката.
13. Кај младите шумски култури - стеблото.
14. Кај овошниот, лозовиот и шумскиот посадочен материјал, подлогите, калемите, како и калем гранчињата кај овошките и ластарите (виоки) кај лозјата - само во матични насади.
15. Кај врбите за плетарство - прачките.
16. Кај трските - стебленцето.

Доколку кај културите кај кои е можно да се осигури и стеблото, односно семето, не е тоа посебно наведено во полисата ќе се смета дека е осигурен само плодот.

Доколку осигуреникот осигурува посеви кои не се за меркантилно производство туку за семенски материјал, потребно е да донесе потврда од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство дека родот ќе биде наменет само за семенски материјал, а не и за понатамошна преработка.

(3) Посевите и плодовите, како и останатите култури наведени во став (1) од овој член, еднаш веќе оштетени од ризикот од кој се врши осигурување не може да бидат осигурени.

(4) Ако по склучувањето на договорот за осигурување се утврди дека осигурениот посев, односно плод пред склучување на договорот за осигурување бил оштетен од ризикот кој е покриен со тоа осигурување Осигурувачот може да бара поништување на договорот и истиот нема обврска за надомест на штета.

(5) Во случај на поништување на договорот за осигурување од причините наведени во претходниот став, Осигурувачот ги задржува/наплатува само режиските трошоци за издавање на полисата.

(6) Со овие услови се осигурува приносот на културата на просечни статистички приноси за региони и култури утврдени во државата. Доколку во полисата се утврдени нестручно нереални приноси и драматично поголеми од просечниот принос тогаш Осигурувачот во моментот на утврдување на пропустот може да побара исправка на полисата , а притоа во пресметката на штетата да се земат просечните статистички приноси по хектар за одредена култура согласно Државниот завод за статистика и Факултетот за земјоделски науки и храна. По исклучок, по овие услови може да се осигура и поголем принос од просечниот статистички принос утврден во државата само доколку Договорувачот/Осигуреникот достави доказ за истото, а по претходно одобрување од страна Осигурувачот.

(7) Со овие услови не се осигура квалитетот на плодот овошките или житните култури која влијае на цената на пазарот.

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

### Член 13

(1) Осигурувачот е во обврска да плати надоместок од осигурување за штетите предизвикани со оштетување или уништување на осигурените посеви и плодови од осигурените ризици додека посевите, односно плодовите се неожнеани, односно необрани.

(2) Ако се договори и плати соодветна премија, Осигурувачот ќе даде соодветна заштита и ќе исплати штета за следниве опасности:

- Основни ризици: пожар, гром, град,

- Дополнителни ризици: пролетен мраз, поплава.

(3) Осигурувачот е во обврска да плати надоместок од осигурување за штетите само за загуба на количински принос, а не и во квалитет.

Осигурувањето на дополнителните ризици, без осигурување на сите основни ризици не е дозволено.

Осигурување на определени ризици по избор на Договорувачот / Осигуреникот во рамки на основните ризици не е дозволено.

**Член 13а**

**Обем на покритие на ризикот пожар**

(1) Пожар во смисла на овие Услови се смета оган појавен надвор од определено огниште или оган кој го напуштил ова место и е способен понатаму да се развива со својата сопствена сила.

(2) Не се покриени штети од пожар и Осигурувачот нема обврска за исплата на надомест на штета во случаеви кога ќе биде утврдено дека пожарот бил намерно подметнат, односно предизвикан од страна на човечки фактор.

(3) Осигурувачот нема обрска за исплата на надомест на штета од ризикот пожар на осигурени посеви и плодови кога за истите не бил изготвен противпожарен елаборат од страна на стручни лица и заверен од релевантна институција.

(4) Кај пожар кој настанал и при тоа зафатил машини, возила и др. транспортни средства кои во тој момент се затекнале на парцелата, Осигурувачот нема обврска за надомест на штета за истите како и за обраните плодови или ожнеани култури кои во тој момент се нашле на опожарените возила и транспортните средства или биле оставени на парцелата во соодветна амбалажа по берба-жетва.

(5) Пожарот задолжително треба да биде пријавен во Министерството за внатрешни работи и за истиот мора да биде изготвен полициски записник, во спротивно Осигурувачот нема обврска за исплата на надомест за штета

**Член 13б**

**Обем на покритие на ризикот гром**

(1) Гром – атмосферско празнење кое врз осигурените плодови и посеви дејствува со силата или топлината, како и штети од удар во стебла соборени од громот.

(2) Со осигурувањето не се опфатени:

1) штети на електрични водови заради дејство на електрична енергија од пренапон или загревање поради преоптоварување, атмосферски влијанија како статички оптоварувања, индукција поради атмосферски празнења и слични појави, бидејќи таквите штети не се директно настанати од појава на гром.

2) штети предизвикани со пренесување на електрична енергија преку водови, кои што се поставени на осигурената парцела или во нејзина близина, како последица на удар на гром, штети на заштитни осигурувачи од било кој вид, заштитни прекинувачи, одводници за пренапон, громобрани и слични уреди, настанати при вршење на нивната нормална функција, како и штети настанати од паѓање на кабли врз осигурените посеви и плодови.

**Член 13в**

**Обем на покритие на ризикот град**

(1) Град – градушка, атмосферска појава која со силата на смрзнатите зрна предизвикува штета на посевите и плодовите.

(2) Појавата на град се докажува еднинствено со документ за појава на град од страна на УХМР.

(3) Во случај да не може да се докаже дали во подрачјето каде се наоѓа предметот на осигурување имало појава на град во рамки на периодот на покритие, Осигурувачот има право да не исплати надомест на штета.

**Член 13г**

**Обем на покритие на ризикот пролетен мраз**

(1) Пролетен мраз – паѓање на температурата под нула степени во период од 15 април до 31 мај во годината кога е издадена полисата и ако истото предизвикува замрзнување на посевите кои се во цвет и влијае на намалување на приносот.

(2) Ниските температури се докажуваат единствено со документ за измерени температури од валидна и акредитирана мерна станица од страна на УХМР.

(3) Осигурувачот нема обврска за исплата на надомест на штета од ризикот пролетен мраз доколку се утврди дека имало појава на пролетен мраз во месеците Март и Април пред започнување на осигурителното покритие односно ако со извештај или податок од Управата за хидрометеролошки работи се потврди дека пред започнувањето на осигурителното покритие постоеле минимални температури под 0 степени над тлото на земјата од 5цм.

(4) Осигурувачот нема обврска за исплата на надомест на штета и во случај кога од 01.03 во тековната година имало појава на температури под 0 степени над тлото на земјата од 5цм се до почеток на осигурителното покритие.

(5) Од ризикот пролетен мраз не може да се осигураат посеви и плодови на слива, цреша, кајсија и бадем.

**Член 13д**

**Обем на покритие на ризикот поплава**

(1) Под поплава во смисла на овие Услови се смета само стихиско неочекувано плавење на терен од постојани води (реки, езера, мориња и др.) заради тоа што водата се излила од коритото или го провалила одбрамбениот насип или браната, излевање на вода поради вонредно висока плима и на брановите на море и езера со необична јачина, како и поплава од природно излевање на вода од вештачки езера.

(2) Осигурувачот не е во обврска да плати надомест на штети кои ќе настанат: од други прекумерни води (подземни води, продолжени дождови, претечување на насипи), поради нефункционирање на канали за наводнување, поради намерно рушење на каналите и насипите, како и при намерна промена на нивниот водотек.

(3) Посеви и плодови на мочурливи земјишта, земјишта помеѓу реки и насипи, како и земјишта кои се незаштитени, односно немаат одбранбени насипи, а редовно се поплавувани не можат да бидат предмет на осигурување, а Осигурувачот нема обврска за плаќање на надомест на штета дури и тогаш кога се вклучени во полисата за осигурување.

## ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ) КОИ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 14**

Со осигурување не се опфатени штети кои ќе настанат како последица на:

(1) Војна, инвазија, дејства на странски непријатели, непријателски или воени операции (без оглед дали војна е објавена или не), граѓанска војна, побуна, револуција, востание, граѓански немири, имајќи го предвид учеството во или големината на востанието, воена или узурпаторска сила;

(2) а) биолошка или хемиска контаминација;
б) проектили, бомби, гранати, експлозивни средства;
в) поради секое дејство на тероризам, намерно делување или вандализам.

За примена на а) контаминацијата, значи контаминација, труење или превентива и/или ограничување на употреба на објект поради влијание на хемиски и/или биолошки материи.

Овој додаток исклучува и загуба, штета, цена или трошок од секаков вид директно или индиректно настанат од последица од или во врска со дејство преземено за контрола, превенција, уништување или на било кој начин се однесува за и/или (2) погоре.

Ако преземачите на осигурување потврдат дека поради овој исклучок, штета, загуба, цена или трошок не се покриени со ова осигурување товарот за докажување на спротивното паѓа на Осигуреникот.

(3) Поплава настаната како резултат на поројни дождови и запушени канали за одводни води.

(4) Елементарни непогоди кои не се споменати во овие услови, како и штети кои се предизвикани од растителни болести и инсекти како и уништување од птици и животни.

(5) Осигурувачот не е во обврска да плати надомест за санирање на одрон или клизиште, како и било какви оштетувања настанати од ветер, поројни дождови со ветер, воедно и истресување на зрна поради презреаност, попречување на цутење и оплодување, полегнување поради бујност на посевите.

(6) Не се опфатени ризиците за настанување на штета ако истиот директно не влијаел на намалувањето на приносот туку само влијаел на квалитетот на плодот и на неговата цена.

(7) Во оранжериите се исключени сите обештетувања кои настанале поради несоодветно одржување на температурата внатре, поради недостаток на гориво или електрична енергија, кварови на системот за греење и проветрување. Осигуреникот има обврска редовно да ги следи податоците од производниот процес и за сите аномалии, оштетувања, на конструкцијата, системот за греење и проветрување веднаш да го извести Осигурувачот, во спротивно ќе се смета дека постапувал со невнимание и придонел за настанување на штетата, во кој случај Осигурувачот нема обврска да плати надомест.

(8) Не се признаваат штети од прекумерна, односно несоодветна употреба на хемиски препарати и ѓубриво.

(9) Осигурувачот не е во обврска за исплата на надомест за штета која настанала од неименувани ризици односно ризици кои не се опфатени со полисата и со член 13 од условите.

## СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ
## Член 15

(1) Како основ за пресметување на вредноста на осигурените посеви односно плодови се зема податокот за принос и цена од прашалникот кој го пополнил барателот на понудата. Доколку податокот за приносот во прашалникот го надмине просечниот принос за тоа подрачје за таа култура, додека пак цената ја надмине договорената цена за откуп, како вредности на просечни приноси и цени по култури и подрачја се земаат последните објавени просечни приноси од Државниот завод за статистика и Факултетот за земјоделски науки и храна и последните информации за откуп на земјоделски култури од изминатите години со кои располага Осигурувачот. Понуда и полиса се издава врз основа на релевантните податоците за просечен принос и цена од Државниот завод за статистика и Факултетот за земјоделски науки и храна, освен ако барателот на понуда не достави валиден документ со кој ќе се потврди приносот и цената наведени во прашалникот.

(2) Сумата на осигурување е договорена вредност помеѓу Договорувачот/Осигуреникот и Осигурувачот и во ниеден случај не смее да ја надминува вредноста на осигурените посеви односно плодови утврдена во согласност со претходниот став од овој член.

Сумата на осигурување се намалува после секој штетен настан за процентот утврден со проценката со кој се утврдува обемот на оштетување.

Максимална сума на осигурување, а со тоа и максимален износ за исплата на штета, по осигурена парцела (локација односно место на осигурен ризик) е 120.000 евра во денарска противвредност на денот на штетниот настан.

## ОБВРСКА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА СИТЕ ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ ОД ИСТ ИЛИ РАЗЛИЧЕН ВИД
## Член 16

(1) Договорувачот / Осигуреникот е обврзан да ги осигура сите површини под посеви и плодови од ист или различен вид. Тоа се однесува и на посевите и плодовите кои масовно се осигуруваат, доколку масовно осигурување поинаку не е договорено.

(2) Ако не се осигуруваат сите посеви, односно плодови од ист или различен вид според претходниот став, надоместокот од осигурување се исплаќа сразмерно помеѓу осигурената и стварната површина под тие посеви и плодови. Кога договорот за осигурување е склучен по бројот на стеблата или пенушките надоместокот од осигурување се исплаќа во сразмер помеѓу осигурениот и вистинскиот број на стеблата или пенушките.

Исклучок од наведеното во овој став претставува остварување на ризикот поплава, доколку се утврди дека само осигурениот дел од површината е подложен на поплавување, во кој случај на Осигуреникот не му следува право на надомест од овој ризик.

(3) Ако во текот на траењето на осигурувањето настапи промена во структурата на осигурените површини или планот за сеидба, Договорувачот / Осигуреникот е обврзан тоа без одложување да го пријави на Осигурувачот, а најдоцна 5 дена од промената, односно од денот кога ја извршил сеидбата.

(4) Доколку Договорувачот / Осигуреникот не ја изврши својата обврска за промените од претходниот став, па со настанувањето на осигурениот случај се утврди несовпаѓање помеѓу осигурените и стварно засеани површини, односно помеѓу осигурениот и стварниот број на стебла или пенушки, надоместокот од осигурување ќе се исплаќа по определбите од став (2) на овој член.

## ПОНИШТУВАЊЕ И ПРЕКИН НА ОСИГУРУВАЊЕ
## Член 17

(1) Доколку се утврди дека пред почеток на покритието на полисата била предизвикана штета врз осигурените посеви и плодови од опасности кои се опфатени со осигурувањето наведени во полисата, Осигурувачот има право да ја поништи полисата согласно член 1 став (3), член 12 став (4) и (5) и да ги задржи односно наплати режиските трошоци за издавање на полисата.
(2) Доколку се утврди дека податоците во прашалникот од член 2 на овие Услови се невистинити или грешни, Осигурувачот има право да ја поништи/прекине полисата согласно став (5) и став (11) од истиот член и да го задржи, односно наплати износот на премија од почеток на покритието на полисата до денот на поништувањето на истата, зголемена за износот на режиски трошоци.
(3) Ако осигурениот посев или плод за времето додека трае осигурувањето е целосно уништен со опасности кои не се опфатени со осигурувањето, Договорувачот/Осигуреникот има право да побара прекин на полисата, а премијата сразмерно се намалува за времето од денот кога барањето за прекин на осигурување поради уништувањето на посевот е примено во Архива на Осигурувачот, па до истек на покритието на осигурувањето.
(4) Договорувачот на осигурувањето мора да поднесе писмено барање за прекинување на осигурувањето од претходниот став најдоцна во рок од 15 дена, сметајќи од денот на уништувањето на посевот или плодот, со соодветна документација.
(5) Прекин на осигурување согласно став (3) и (4) од овој член се врши доколку истото е потврдено со записник од страна на овластен проценител од страна на Осигурувачот.
(6) Ако осигурениот посев или плод биде целосно уништен пред почетокот на обврската на Осигурувачот за исплата на надоместок од осигурување, Договорувачот за тој посев не ја плаќа премијата за осигурувањето, што мора писмено да биде констатирано со соодветно писмено барање од страна на Договорувачот до Архивата на Осигурувачот.
(7) Во случај на уништување на осигурениот посев или плод од претходниот став, Договорувачот на осигурувањето мора да поднесе писмено барање до Архивата на Осигурувачот за отпишување на премијата најдоцна во рок од 15 дена, сметајќи од денот на настанатото уништување на осигурениот посев или плод, но не подоцна од денот наведен како почеток на осигурувањето
(8) При поврат на премија по било кој основ, Осигурувачот го задржува во секој случај износот на режискиот дел од премијата (делот за вршење на дејноста на осигурувањето), а во зависност од изминатиот период од почетокот на осигурувањето до денот на барањето и во согласност со овој член, Осигурувачот задржува и сразмерен дел од премијата.

## НЕДЕЛИВОСТ НА ПРЕМИЈАТА
## Член 18

(1) Премијата од Тарифата на премии важи за еден период на осигурување, т.е. за времето од склучувањето на осигурувањето, па до жетвата, односно бербата, односно за времетраење на периодот на покритие, независно што траењето на договорот за осигурување може да е една година.
(2) Утврдената премија за осигурување не може да се намали поради скратување на рокот на траење на осигурувањето, освен во случаите од член 17 на овие Услови.

(3) Ако посевот или плодот истовремено е осигурен од повеќе ризици, па во текот на траењето на осигурувањето дошло до остварување на некој од осигурените ризици, Осигурувачот ја задржува вкупната премија за сите ризици.

**ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА НА ОСИГУРЕНИТЕ ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ (РЕВИЗИЈА НА РИЗИЦИ)**
**Член 19**

(1) Осигурувачот има право во текот на траењето на осигурувањето, а особено во тек на траење на периодот на покритие, да врши преглед на осигурените посеви и плодови поради утврдување на состојбата во врска со обврските кои произлегуваат од склучениот договор за осигурување.
(2) Прегледот и утврдувањето на состојбата на посевите го вршат Осигурувачот и Осигуреникот заедно.
(3) По извршениот преглед од став (1) и (2) на овој член, се составува записник за утврдената состојба.

**ОБВРСКА НА ОСИГУРЕНИКОТ КОГА ЌЕ НАСТАПИ ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ**
**Член 20**

Кога ќе настапи осигурен случај врз основа на кој се бара надоместок, Осигуреникот е должен да постапи според следното:

1. Веднаш, на денот на настанување на штетниот настан, телефонски или по пат на електронска пошта да го извести Осигурувачот дека настанал осигурен случај, а веднаш потоа и најдоцна во рок од три дена по настанувањето на осигурениот случај, во писмена форма да пријави на Осигурувачот дека настанал осигурен случај.
2. При пријавување на штетниот настан, телефонски или по пат на електронска пошта, Осигуреникот е должен да наведе број на полиса во која се осигурени посевите и плодовите врз кои е настаната штета. Во пријавата за настанатиот осигурен случај, треба да се наведе денот и часот на настанување, на кои посеви односно плодови и површини настанала штетата и тоа по број и видови на посеви и парцели.
3. Во случај посевите, односно плодовите да бидат оштетени за време на жетвата (бербата) Осигуреникот е должен и пред процена на штетата да ја обави жетвата или бербата во координација со осигурувачот, со цел спречување на понатамошното зголемување на штетата и да остави репрезентативен примерок согласно условите и праксата, доволен за утврдување на причината за штета и процентот на оштетувањата на културата
4. Кога оштетениот посев или плод мора да се ожнее или обере, а процената на штетата се’ уште не е извршена Осигуреникот е должен да остави контролни примероци на долниот, средниот и горниот дел на парцелата дијагонално од најмалку по 10 м2 од оштетениот посев, односно плод необрано, а кај лозјата најмалку 10 необрани пенушки; кај овошјата неколку стебла необрани на долниот, средниот и горниот дел од лозјето, односно овоштарниците дијагонално, кои ќе послужат како основ за процена на штетата; кај културите кај кои жетвата-бербата се врши

машински - со комбајнирање, Осигуреникот мора да остави контролни примероци во вид на лента, а ако Осигуреникот не постапи по истото Осигурувачот го задржува правото за самостојна процена кога е тоа можно, а кога не е истиот нема обврска за надомест на штетата.
Во случај на оштетување на посевите, односно плодовите за време на жетвата (бербата), Осигуреникот е должен да ја продолжи жетвата, односно бербата со цел да спречи зголемување на штетата.
5. Осигуреникот е должен на Осигурувачот да му ги даде сите податоци и докази со кои располага, а се неопходни за утврдување на причините, обемот и големината на штетата.
6. Во случај кога е настанат осигурен случај Пожар, задолжително да пријави во Министерството за внатрешни работи и да достави полициски записник.
7. За штети настанати како резултат на атмосферска појава град и пролетен мраз, Осигуреникот има обврска да поткрепи со писмени докази и факти овој настан, издадени од УХМР
8. Обврска на Осигуреникот е да остави доволно докази за утврдување на обем и висина на штетата(од аспект целосно да не се ожнее културата или целосно да се собере плодот) согласно овие услови.

## УТВРДУВАЊЕ И ПРОЦЕНА НА ШТЕТИ

### Член 21

(1) По примање на пријавата за настанатиот осигурен случај, Осигурувачот е должен да пристапи кон утврдување и процена на штетата. Утврдувањето и проценета на штетата го вршат Осигурувачот и Осигуреникот. Осигуреникот може да овласти и друго лице да го застапува во проценета само врз основа на полномошно заверено на нотар.

(2) Осигуреникот е должен на покана на претставникот на Осигурувачот да излезе на теренот поради процена на штетата или да овласти друго лице да го застапува во проценета.
Ако тоа не го направи, претставникот на Осигурувачот ќе изврши процена во присуство на независен вештак или стручно лице.

(3) Проценета може да биде претходна (претпроцена) и конечна:

1. Кога проценета е претходна (претпроцена) не се утврдува конечната висина на штетата, туку само се утврдува состојбата на посевите и плодовите, природата на оштетувањата и други елементи кои се од важност за конечно утвдување, односно процена на штетата. Ако оштетувањето е незначително и кога со сигурност може да се утврди дека конечниот процент на штета не може да биде поголем од 5%, се врши конечна процена.
2. Кај конечната процена на штетата се утврдува: дали се сите посеви, односно плодови од ист или различен вид осигурени, големината на оштетената парцела, колкав е процентот на штетата од настанатиот осигурен случај, и колкав би бил приносот ако плодовите односно посевите не биле оштетени од осигурениот случај.
3. Кога посевите и плодовите се оштетени со дејство на некоја друга опасност која не е опфатена со осигурување, се утврдува колкав е процентот на оштетување од таа опасност и за висината на тој процент се намалува висината на приносите кои би се добиле ако оштетување од тие ризици воопшто немало.
3а. Доколку посевот е осигуран само од основни ризици, а за време на осигурителниот период настанало оштетување од некој од дополнителните ризици, а по извесно време настане штета од основен ризик, потребно е покрај % на оштетување да се утврди и реалниот принос поради оштетувањата настанати од дополнителните ризици. Штетата ке се пресмета согласно реалниот принос на посевот, а не по осигураниот принос. Осигуреникот нема право на повраток на

премијата поради тоа што во тој период бил осигуран од одредени ризици по кои можело да настане штета.

4. Културите кои се жнеат или берат, два или повеќе пати имаат повеќе откоси, утврдувањето и процената на шетата се вршат врз основа на бројот на бербите, процентот на оштетувањата и просечниот принос на оштетените берења. Исто така треба да се утврди колку плод е набрано од оштетените берби пред настанатото оштетување.

5. Ако еден ист посев или плод биде оштетен повеќе пати, процентот на штетата се утврдува според состојбата на посевите или плодовите во последното оштетување.

6. При утврдување на површините под оштетените посеви и плодови, добиениот резултат се заокружува кај хектарот на 1 ар.

7. По завршување на конечната процена, осигуреникот е должен, доколку се согласува со извршената процена,да го потпише записникот за процена и со тоа таа процена се смета за полноважна и по истата осигуреникот нема право на приговор.

8. Во самата проценка се утврдува процент на оштетување на културата и плодот како и причината-ризикот за настанување на штетата

(4) Кога Осигурувачот и Осигуреникот не се сложуваат во процената се приоѓа на вештачење. Во тој случај Осигуреникот е должен, во смисла на член 20 точка 4 и 5 од овие Услови, да остави контролни парцели во оштетена состојба се додека не се изврши вештачење. Ако не постапи така, штетата се пресметува според првобитната процена на Осигурувачот.

(5) Несогласувањето во процена на штетата, се констатира во записникот за процена на штети. Ако на процената не присуствувал Осигуреникот или неговиот застапник, Осигуреникот е должен своето несогласување со процентот писмено да го соопшти на Осигурувачот во рок од три дена од денот на соопштување на резултатите од процената. Доколку Осигуреникот не постапи така, по истекот на рокот од три дена процената се смета за полноважна.

(6) Осигурувачот и Осигуреникот имаат право да бараат и вршат контрола на извршената процена според состојбата на самото место, а пред жетвата - бербата, освен процената на извршеното вештачење.

(7) Ако Осигуреникот или Осигурувачот не се сложуваат со наодот на утврдувањето при контролата на процената се пристапува кон вештачење во смисла на член 22 од овие Услови.

(8) Ако настанал процентот на оштетување од 70% и повеќе, се смета дека штетата е тотална.

(9) Трошоци за неизвршени работи задолжително се одбиваат во секоја штета.

Кај делумни штети истите изнесуваат:

- За штети со процент на оштетување до 20% задолжително се одбива 8 % од висината на штетата поради неизвршени работи;
- За штети со процент на оштетување од 21% до 40% задолжително се одбива 13 % од висината на штетата поради неизвршени работи;
- За штети со процент на оштетување од 41% до 69% задолжително се одбива 18 % од висината на штетата поради неизвршени работи;

За тотални штети овој процент се пресметува пропорционално со висината на процентот на оштетување и тоа:

кај тотални штети каде процентот на оштетување е 70% задолжително се одбиваат трошоци за неизвршени работи во висина од 20%.

од 70% до 100% оштетување за секои 3% оштетување, процентот за трошоци за неизвршени работи се зголемува за 1% и истите се прикажани во долната табела

| Процент (%) на оштетување | 70 | 73 | 76 | 79 | 82 | 85 | 88 | 91 | 94 | 97 | 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| трош.за неизврш.работи | 20% | 21% | 22% | 23% | 24% | 25% | 26% | 27% | 28% | 29% | 30% |

Пример 1. Доколку имаме сума на осигурување од 100.000,00 денари и имаме делумна штета со основен ризик од 30% висината на оштета ке биде:
100.000,00 * 0,7% = 30.000,00 – 13% (тр.за неиз.раб.) = 26.100,00 – 20% (франшиза) = 20.880,00 ден.
Пример 2.Доколку на сума на осигурување од 100.000,00 ден. имаме тотална штета од 80%, висината на оштета ке биде:
100.000,00 * 0,2% = 80.000,00 – 23% (тр.за неиз.раб.) = 61.600,00 -20% (франшиза) = 49.280,00 ден.
Кај втора штета и штети после тоа, се применуваат истите пресметки со тоа што франшизата е 30%.
Пресметката на штетата за надомест исклучиво се прави на начин даден во примерите 1 и 2 дадени погоре.

**ПОСТАПКА ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ**

**Член 22**

(1) За постапката на вештачење во смисла на овој член од овие Услови важат следните начела:
1. Секоја странка писмено именува свој вештак во рок од пет дена од денот на извршената процена, а во случај кога Осигуреникот или неговиот застапник не присуствувал на процената, во рок од три дена од денот на соопштувањето на резултатите на процената.
2. За вештаци можат да се именуваат само лица со завршен земјоделски факултет и истите поседуваат лиценца за вештачење.
3. Пред почетокот на вештачењето и двата именувани вештаци бираат трет вештак како претседател, кој не може да биде од редовите на лица во работен однос со Осигурувачот или Осигуреникот.
Ако не можат да се договорат ангажираат заеднички овластена институција за вештачење во ова поле на предлог на Осигурувачот. Истата треба да направи супервештачење кое мора да го прифатат двете страни. Двете страни ќе им ги изнесат своите ставови, процени и/или вештачења во писмена форма до овластената институција за вештачења. Овластената институција за вештачење самостојно прави супервештачење.
4. Вештаците работат истовремено и своите наоди во писмена форма ги предаваат на трет вештак - претседател.
Ако наодите на вештаците меѓусебно отстапуваат: претседателот одлучува за спорните прашања во границите на наодите на двајцата вештаци. По еден примерок од одлуката претседателот писмено дава на Осигурувачот и Осигуреникот.
(2) Секоја страна ги сноси трошоците на својот вештак. Трошоците на претседателот ги сносат и двете страни по пола.
Трошоците за супервештачење се надоместуваат подеднакво од Осигуреникот и од Осигурувачот.

## УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕ
## Член 23

(1) Висината на надоместокот од осигурување, се утврдува:

1. Од сумата на осигурување - ако вредноста на реалниот принос е еднаква на сумата на осигурување или поголема од неа.
2. Од вистинската вредност на реалниот принос – ако вредноста на реалниот принос е помала од сумата на осигурување

Во случај сумата на осигурување да отстапува од вистинската вредност на осигурените посеви односно плодови, како резултат од нереално прикажани приноси или цена во полисата, пресметката за висината на надомест на штета ќе се прави врз основа на фактичката состојба и податоци од релевантни институции за висината на приносот и цената за ист или сроден вид на култура со кои располага Осигурувачот.

(2) Вредноста на осигурените посеви, односно плодови се пресметува на тој начин што од утврдениот принос кој би се постигнал да немало никакви оштетувања, се одбива намалувањето на приносот поради евентуалното оштетување од опасностите кои не се опфатени со осигурување, се одбива и договорената франшиза и трошоци за неизвршени работи во висина определена во член 22 став 9, и така добиениот принос се пресметува по договорената цена во полисата, а за договореното производство - по цените договорени со организаторот на производство.

(3) Кога штетата е делумна, на Осигуреникот на име надоместок му се исплатува: во случаите од став (1) точка 1 од овој член, од сумата на осигурување, во случаите од став (1) точка 2. од овој член - од вредноста на приносот - онолку проценти за колку проценти посевите, односно плодовите се оштетени се одбива и договорената франшиза и трошоци за неизвршени работи согласно член 22 став 9.

(4) Ако процентот на оштетување изнесува 70% и повеќе се смета дека штетата е тотална, а износот на надоместокот се намалува во висина на трошоците за неизвршените работи и се одбива на тоа франшизата.

(5) Кога младите или брзо засеаните посеви се тотално уништени, а според годишното време, временските услови и прикладноста на земјиштето место нив е можно да се засее истата култура, на Осигуреникот му се исплатува аконтација на надоместокот од осигурување во висина до 20% од сумата на осигурување.

(6) Кога посевите или плодовите се тотално уништени, а според годишното време, временските услови и прикладноста на земјиштето, не е можно сеењето или садењето да се изврши со иста, туку со некоја друга култура, на Осигуреникот му се исплатува аконтација на надоместок од осигурување во висина 35% од сумата на осигурување.

(7) Ако во смисла на став (6) и (7) од овој член, новонасеаниот односно насаден посев не успеал при околностите на кои Осигуреникот не можел да влијае, или делумно успеал, надоместокот од осигурување се утврдува на следниот начин:

1. Ако посевот воопшто не успеал, се пресметува вкупниот износ на надоместокот во смисла на одредбите од став (1), (2), (4) и (5) од овој член и на Осигуреникот му се исплаќа разликата помеѓу исплатениот износ на аконтација по став (6) или (7) од овој член и вкупно утврдениот износ на надоместокот при што несмее да се надмине сумата од 70% од сумата на осигурување.
2. Ако посевот делумно успеал, прво се утврдува постигнатата вредност на засеаните, односно засадени култури и таа вредност се додава на исплатениот износ на аконтацијата од став (6) и (7) од овој член. Ако така добиениот износ биде помал од вредноста која осигурената култура

би ја имала да не дошло до настанување на осигурениот случај на Осигуреникот ќе му се надомести разликата до таа вредност.

(8) Износот на трошоците за производство во смисла на овој член не се одбиваат кога се врши пресејување, односно пресадување на тотално уништените посеви и плодови.

(10) Барањето за исплата на разлика на надоместок во смисла на став (8) од овој член, Осигуреникот е должен писмено да му го поднесе на Осигурувачот и тоа пред да се ожнее посевот обере плодот, или оправданоста на барањето договорно ја утврдуваат Осигуреникот и Осигурувачот, доколку не постапи по истото Осигурувачот нема обврска за исплата на разликата.

(11) Доколку Осигуреникот не изврши пресејување, односно пресадување во смисла на став (6) и (7) од овој член, исплатената аконтација ќе се смета конечна со надоместокот од основот на осигурувањето.

(12) Во случај на настанување на штета, доколку премијата по полисата не е платена во целост, надоместот од штетата ќе биде исплатен по подмирувањето на целокупниот износ на премијата по полисата кон Осигурувачот.

## ФРАНШИЗА
## Член 25

Ако е договорено Осигуреникот да сноси дел од штетата (договорен самопридржај, франшиза), при настанување на осигурен случај надоместокот од осигурувањето ќе се утврди на тој начин што на товар на Осигуреникот отпаѓа дел од штетата во висина на договорениот самопридржај.

(1) Не се надоместуваат штети каде процентот на оштетување на осигурените посеви и плодови е до 5%

**Штети од основни ризици**: При прва штета, под услов штетата да е со процент на оштетување повеќе од 5%, се одбива задолжителна франшиза за основните ризици од 20% од висината на штетата, а за секоја наредна штета се одбива 30% од висината на штетата

**Штети од дополнителните ризици (ризик Пролетен мраз и ризик Поплава):** При прва штета под услов штетата да е со процент на оштетување повеќе од 5% се одбива задолжителна франшиза за дополнителните ризици од 25% од висина на штетата, а за секоја наредна штета се одбива 30% од висина на штетата.

Во случај на поголема франшиза заради дополнителни попусти на премијата, соодветно се применува зголемената франшиза за 10% согласно ризикот.

## НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ
## Член 26

(1) Осигурувачот ги надоместува трошоците предизвикани со свесен обид да се отстрани непосредната опасност од настанување на осигурениот случај, како и обидите да се ограничи неговата штетна последица само доколку Осигуреникот тие обиди ги презел во согласност со Осигурувачот.

(2) Ако Осигурувачот одбие да даде согласност на предложените мерки од став (1) од овој член во случај на настанување на штетата обврзан е да го исплати надоместокот од договорот за осигурување во целост.

**ПРИМЕНА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ**

**Член 27**

Овие Услови се применуваат за осигурување на посеви и плодови доколку со Посебни услови не е поинаку регулирано, или доколку примената на Општите услови за осигурување на посеви и плодови не е во целина или делумно исклучена со Посебни услови.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 28**

Постапка по приговори

Во случај Осигурувачот и Осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, Осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од Осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договорувачот, односно Осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Решавање на спорови

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.